Број 08-437/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект:
„Техничка документација за нови регионални проекти"(резервен проект)

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект: „Техничка документација за нови регионални проекти"(резервен проект), бр.08-438/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-438/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за ко-финансирање на проект:
„ Техничка документација за нови регионални проекти“ (резервен проект)

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за учество на општина Радовиш во проект:
„ Техничка документација за нови регионални проекти“ (резервен проект)
финансиран од Биро за регионален развој.

Вкупната сума на проектот 2,000.000,00 денари од кои учествотот на општина Радовиш е 400.000,00 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-438/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект:
„Кејска улица во ДУП УБ 15 Радовиш”

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект: „Кејска улица во ДУП УБ 15 Радовиш” , бр.08-439/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-439/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За ко-финансирање на проект:
„ Кејска улица во ДУП УБ 15 Радовиш“

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за учество на општина Радовиш во проект:
„ Кејска улица во ДУП УБ 15 Радовиш“
финансиран од Биро за регионален развој.

Вкупната сума на проектот е 7,449.731,88 денари од кои учеството на општина Радовиш е 50 % од вкупниот износ на проектот односно 3.724.865,94 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-439/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект:
„Изградба на фекална канализациона
мрежа Карши Маале,
с.Подареш, Општина Радовиш”

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект: „ Изградба на фекална канализациона мрежа Карши Маале, с.Подареш, Општина Радовиш”, бр.08-440/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-440/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За ко-финансирање на проект:
„Изградба на фекална канализациона мрежа Карши Маале, с.Подареш, општина Радовиш,,

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека општина Радовиш ќе има сопствено учество од 25,5% односно 4.260.000,00 денари по проект: **„Изградба на фекална канализациона мрежа Карши Маале, с.Подареш, општина Радовиш,,** технички број: ВК-644/2022 изработен од „Еуро Роад Дизајн“ ДОО Скопје, проектот е во вкупен износ од 16.687.872,33 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-440/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект:
„Изградба на улица бр.9 крак 1” во
с.Ињево

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект: „ Изградба на улица бр.9 крак 1” во с.Ињево”, бр.08-441/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-441/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За ко-финансирање на проект:
„ Изградба на улица бр.9 крак 1 “ во село Ињево

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за учество на општина Радовиш во проект**:**
„ Изградба на улица бр.9 крак 1“ во село Ињево финансиран од Биро за регионален развој.

Вкупната сума на проектот е 7.245.495,00 денари од кои учеството на општина Радовиш е 50 % од вкупниот износ на проектот односно 3.622.745,50 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-441/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ко-финансирање на проект:
„Изградба на мрежа за водоснабдување улица:5 и улица: 6, УБ.22, Општина Радовиш”

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ко-финансирање на проект:
„ Изградба на мрежа за водоснабдување улица:5 и улица: 6, УБ.22, Општина Радовиш”, бр.08-442/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-442/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12, од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на ден 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За ко-финансирање на проект:
„Изградба на мрежа за водоснабдување улица: 5 и улица: 6, УБ.22, општина Радовиш„

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека општина Радовиш ќе има сопствено учество од 500.000 денари по проект **за изградба на мрежа за водоснабдување на улица: 5 и улица: 6, УБ.22** тех.бр: 018/2020-В изработен од „Доминг ЈТД„ Радовиш, во вкупен износ од 3.738.755,51 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08-442/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за позитивно мислење на
Урбанистичкиот проект со План за
парцелација на граници на ГП А.5 и ГП
А.7 од ДУП за УБ дел 3 во Радовиш,
Општина Радовиш, со површина на
плански опфат на две градежни парцели
од 6378,30 м^2, изработен од ДПГИ ВЕКТОР
90 Томе ДООЕЛ Струмица,
со тех. број 041-2012/2022 од 12.2022 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект со План за парцелација на граници на ГП А.5 и ГП А.7 од ДУП за УБ дел 3 во Радовиш, Општина Радовиш, со површина на плански опфат на две градежни парцели од 6378,30 м^2, изработен од ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛСтрумица, со тех. број 041-2012/2022 од 12.2022 год., бр.08-443/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-443/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 62, чл. 63 и чл. 65 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ бр. 225/20), чл. 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и чл. 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на 28.02.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект со План за парцелација на граници на ГП А.5 и ГП А.7 од ДУП за УБ дел 3 во Радовиш, Општина Радовиш, со површина на плански опфат на две градежни парцели од 6378,30 м2, изработен од ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица, со тех. број 041-2012/2022 од 12.2022 год.

Член 1

Со оваа Одлука се дава позитивно мислње за Урбанистичкиот проект со План за парцеларија на граници на ГП А.5 и ГП А.7 од ДУП за УБ дел 3 во Радовиш, Општина Радовиш, согласно потребите на инвеститорот и јавниот интерес, се врши парцелација на градежната парцела, промена на границата на градежна парцела. Површина на плански опфат на две градежни парцели од 6378,30 м2, на УП изработен од ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица, со тех. број 041-2012/2022 од 12.2022 год., како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за позитивно мислење на Урбанистички План се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистички план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-443/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш и Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш бр.08-444/1 и Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш, бр.08-444/2

што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-444/3 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XXVI седница одржана на 28.02.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш

I. Се усвојува Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш.

II. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-444/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија",130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 68/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20 и 279/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш XXVI седница одржана на 28.02.2023 година донесе:

ПРОГРАМА
за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Радовиш

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставува, начинот и условите за нејзино поставување, дислоцирање и отстранувањето на урбаната опрема на подрачјето на општина Радовиш.

I. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.

При поставување на урбана опрема не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м. од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5м до 2,5 м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, тезги, дрвореди).

Минимална височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2м над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, но не повеќе од 50% од вкупната корисната површина на деловниот објект и доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

На улиците кои се користат како пешачки зони, по средината на улицата се определува заштитен коридор во широчина од 6 метри се со цел непречен протокот на сообраќајот и пешачки движења, пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возило на јавни служби) и во овој заштитен коридор поставањето на урбаната опрема строго се забранува.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1.5 м. Ислучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаците и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и др.) но просторот за движење не може да биде помал од 1.2 м.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарите во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8.0 м од пресечната точка на двете регулациони линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5.0 м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2.5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за

вршење на угостителска дејност, по завршувањето на манифестацијата се отстранува од јавната површина во рок утврден од општината.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е дожен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период /електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл./ од соодветните јавни претпријатија и други правни лица / даватели на услугите / односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и иналидитет и сл;
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставување на урбана опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програмата и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач /само како заштита на објектот/.

II. ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА И ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА НЕЈЗИНО ПОСТАВУВАЊЕ

Тераси, шанкови и натстрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречно безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 63/12), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот/пешачки движења на лица со хендикеп, пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возило на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлонски фолии или други слични материјали. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување визуелно експонирано.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси, дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, натстрешници, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др. не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други поширoки површини опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата, бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнителна опрема како фрижедери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони

може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смее да биде прицврстена за подлогата.

Тендите се типски – монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од едната страна заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на четири или два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлонски фолии или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високоестетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

Летни дискотеки

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Летни дискотеки се поставуваат со Програма донесена на Совет на општина Радовиш.

Покриени и отворени шанкови

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, на реализирана партерна јавна површина, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за инфомрирање на граѓаните (карта на општина Радовиш, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Самостоечки рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“, бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21) и посебен акт на општина Радовиш.

Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште, во склоп на школски дворови, со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има безбеден поплочен простор со димензии од 1,0мх1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на ојекти.

Паркиралишта за велосипеди

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на општина Радовиш.

Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максимална висина на жардињерите и граничниците е 0,80м.

Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата

Максималната површина на тезгите изнесува до 4,0 м2 и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Елементи за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот, што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застаклнување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да бидат во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на изградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80м).

Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа Програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

Монтажно демонтажни типски објекти

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0м2, кои можат да се постават на одредени места.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови:

-монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда;

-На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата, која го користи (врши дејнсот) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект поеќе од 50 см;

-На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација иклиматизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

-Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. а од раскрсница мин. 10,0м од почетокот на радиусот за свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација (мијалник-тоалет);

- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не впива и кој лесно се чисти.

Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласнсот со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м2 до 16,0м2 и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 1,5м.

Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м2. За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед, пиљарници на отворено.

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м2.

Телефонски говорници

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5мх1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

III. ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Законот за градење („Службен весник на Р.Македонија“,130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 68/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20)

IV. ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ НА ПОСТОЈНА УРБАНА ОПРЕМА

Секторот за урбанизам, комунални работи, ЛЕР и заштита на животна средина ќе изготви табеларен преглед на евидентираната урбана опрема по локалитети. Во табеларниот преглед ќе се дадат следните информации:

нумерација на објектите,ознаки на намена на објектите, урбана опрема,КП каде се наоѓа урбаната опрема,местоположба, улица и број на урбаната опрема,Тип на урбана опрема; површина во м2,намена,сопственост, легалитет и степен на уреденост.

нумерација на објектите,модул, ознаки:

Н - нова урбана опрема,

ОН - урбана опрема што се отстранува и се заменува со нова,

О - урбана опрема што се отстранува,

З - урбана опрема што се задржува,

- КП каде се предвидува урбаната опрема;
- местоположба, улица и број на урбаната опрема;
- Тип на урбаната опрема;
- површина во $м^2$;
- намена.

V. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Согласно Закон за градење („Службен весник на Р.Македонија“,130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 68/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општината Радовиш.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на Општина Радовиш.

Точното позиционирање на урбаната опрема, се одредува по доставен Елаборат за поставување на урбана опрема од стана на барателот.

Општина Радовиш согласно Законот за градење води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на Градоначалникот на општина Радовиш.

Кога просторот пред деловната прсоторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
- сезонско за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),
- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.)

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општината.

Одобрение за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

1. Елаборат за поставување на урбана опрема;
2. Геодетски елаборат со нумерички податоци.
3. Доказ за регулирано плаќање на комунална такса;

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизам и животна средина, комунални работи и ЛЕР.

VI. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување н а урбана опрема. Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

VII. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на реализација на програмата ќе зависи од создадените правни и технички услови.

VIII. ВРШЕЊЕ НАДЗОР

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на Р.Македонија“,130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 68/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20).

IX . Со Заклучот за дополнување на Програмата за урбана опрема бр.08-620/2 од 29.03.2022год се дозволува поставување на урбана опрема во рамки на градежните парцели, кај градежно изградено земјиште, површини планирани за дворно уредување кај станбено-деловните објекти, чии земјиште е во сопственост на Р.С.Македонија, до моментот на отуѓување на градежното земјиште.Притоа истата површина за поставување на урбаната опрема не смее да попречува пристапни патеки и влезови во згради или деловни единици.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Радовиш во соработка со Сектор за урбанизам и животна средина, комунални работи и ЛЕР.

Програмата за урбана опрема бр.08-620/1 од 29.03.2022год. и Заклучот за дополнување на Програмата за урбана опрема бр.08-620/2 од 29.03.2022год. да продолжи да важи се до донесување на нова Програма за урбана опрема или измена и дополнување на оваа Програма за урбана опрема, во која Заклучокот за дополнување на Програмата ќе биде точка IX.

XI ОВАА ПРОГРАМА ВЛЕГУВА ВО СИЛА НАРЕДНИОТ ДЕН ОД ДЕНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕТО ВО „СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ“.

Број 08-444/2 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Јаргулица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект
во плански опфат

1.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката со која во идна урбанистичко планска документација за КО Јаргулица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат , бр.08-445/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-445/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш на XXVI-та седница одржана на 28.02.2023 год., донесе

ОДЛУКА
со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Јаргулица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Јаргулица да се изврши вклопување во плански опфат на бесправно изградени објекти и тоа:

Објект:
Индивидуален стамбен објект – викендица во приземје (А4-3) зграда 1, кој се наоѓа на парцела со КП бр.3087 КО Јаргулица, запишана во имотен лист бр.127 КО Јаргулица, по поднесено барање бр.УП.1 26-504 од 28.12.2018 година од страна на барателот Коцев Димче;

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,,.

Број 08-445/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Ја прогласувам и објавувам Одлуката со која во идна урбанистичко планска документација за КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат , бр.08-446/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-446/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш на XXVI-та седница одржана на 28.02.2023 год., донесе

ОДЛУКА
со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Калуѓерица, да се изврши вклопување во плански опфат на бесправно изградени објекти и тоа:

Објект:
Објект КП.бр.2437, зграда 1 запишана во имотен лист бр.51565, КО Калуѓерица, КП.бр.2438, зграда 1, запишана во имотен лист бр.124 КО Калуѓерица и дел од КП бр.2447/1 зграда 2 запишана во имотен лист бр.43 КО Калуѓерица, Радовиш, по поднесено барање бр. 26-508/2018 од 28.12.2018 година од страна на барателот Бранко Коцев;

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,,.

Број 08-446/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Ја прогласувам и објавувам Одлуката со која во идна урбанистичко планска документација за КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат, бр.08-447/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-447/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш на XXVI-та седница одржана на 28.02.2023 год., донесе

ОДЛУКА
со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Дамјан, да се изврши вклопување во плански опфат на бесправно изградени објекти и тоа:

Објект:

- Станбен објект А1-1 означен во елаборатот како зграда1 кој се наоѓа на КП.бр.902/2 , имотен лист бр.441 КО Дамјан и Помошен објект А5-4 означен во елаборатот како зграда2 кој се наоѓа дел на КП.бр.805 опишана во имотен лист бр.125 КО Дамјан и дел на КП.бр.902/2 опишана во имотен лист бр.441 КО Дамјан, по поднесено барање бр.УП 26-466 од 26.12.2018 година од страна на барателот Чифиева Лиљјана;
- Објект на КП.бр.3641 во КО.Дамјан, згр.1 Инд.станбен објект, по поднесено барање бр.УП 26-350 од 11.03.2018 година од страна на барателот Стојан Георгиев;
- Станбен објект во приземје и кат.зграда 1 и омошен објект зграда 2 кои лежат на парцелата со КП.бр.1326/1, запишана во имотен лист бр.531, КО Дамјан м.в Канли Чаир, по поднесено барање бр.УП 26-1754 од 18.08.2011 година од страна на барателот Ристов Ристо;
- Индивидуален станбен објект во приземје (А1-СТ)- зграда бр.1 и помошен објект (ПО-П) – зграда 2 кои се наоѓаат на парцела КП.бр.802 запишана во имотен лист бр.596, КО Дамјан, м.в.”Петралица”, по поднесено барање бр.УП 26-1331 од 11.08.2011 година од страна на барателот Спасова Билјана

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Радовиш,,.

Број 08-447/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Ја прогласувам и објавувам Одлуката со која во идна урбанистичко планска документација за КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат, бр.08-448/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-448/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш на XXVI-та седница одржана на 28.02.2023 год., донесе

ОДЛУКА
со која во идна урбанистичко планска документација за
КО Дамјан ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Дамјан, да се изврши вклопување во плански опфат на бесправно изградени објекти и тоа:

Објект:
Индивидуален станбен објект во приземје (А1-СТ)-зграда бр.1 кој се наоѓа на парцела со КП.бр.798 запишана во имотен лист бр.620, КО Дамјан, м.в. "Петралица" по поднесено барање бр. 26-914 од 19.07.2011 година од страна на барателот Митев Ангел;

Се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Дамјан, да се изврши потврдување и вклопување во плански опфат на бесправно изградени објекти и тоа:

Објект:
Помошен објект во приземје (ПО-ПП),-зграда бр.2, кој се наоѓа на парцела со КП.бр.798 запишана во имотен лист бр.620, КО.Дамјан,м.в. "Петралица" по поднесено барање бр. 26-915 од 19.07.2011 година од страна на барателот Митев Ангел;

- Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Согласно член 2, точка 8 од Законот за Буџетите ("Сл. весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 192/15, 167/16 година и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21) буџетот на единицата на локална самоуправа претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува: основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на единицата на локална самоуправа содржи: општ, посебен и развоен дел.

Општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и

глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години (вклучувајќи го и планираниот дефицит).

Посебниот дел содржи план на одобрени средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година

Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.

Буџетот на општина Радовиш за 2022 година беше изготвен по програми за одредени области, усвоени од Советот на општината и тоа вкупно 29 програми.

Во текот на 2022 година беше извршено проширување на средствата на буџетот на општина Радовиш за 2022 год. со Одлука бр. 08-223/1 од 31.01.2022 год. донесена од страна на Советот на општината на VI седница одржана на 31.01.2022 година и дополнително извршена измена на распоредот на средствата (пренамена) со Одлука бр. 08-423/1 од 28.02.2022 год. донесена од страна на Советот на општината на VII седница одржана на 28.02.2022 година. Следуваа измени и дополнувања - Прв ребаланс на буџетот на општина Радовиш за 2022 година со бр. 08-733/2 донесен од страна на Советот на општината на X седница одржана на 13.04.2022 година, измени и дополнувања - Втор ребаланс на буџетот на општина Радовиш за 2022 година со бр. 08-1289/2 донесен од страна на Советот на општината на XIV седница одржана на 27.07.2022 година. Понатаму следуваше Одлука бр. 08-1536/1 од 27.09.2022 год. за проширување (второ) на средствата на буџетот на општина Радовиш за 2022 год. и Одлука за измена на распоредот на средства (втора пренамена) на буџетот на општина Радовиш за 2022 год со бр. 08-1535/1 од 27.09.2022 год. донесени од страна на Советот на општината на XVI седница одржана на 27.09.2022 година, Одлука за измена на распоредот на средства (трета пренамена) на буџетот на општина Радовиш за 2022 год со бр. 08-1634/1 од 26.10.2022 год. и Одлука бр. 08-1635/1 од 26.10.2022 год. за проширување (трето) на средствата на буџетот на општина Радовиш за 2022 год донесени од страна на Советот на општината на XVIII седница одржана на 26.10.2022 година, измени и дополнувања - Трет ребаланс на буџетот на општина Радовиш за 2022 година со бр. 08-1780/2 донесен од страна на Советот на општината на XX седница одржана на 15.11.2022 година и Одлука за измена на распоредот на средства (четврта пренамена) на буџетот на општина Радовиш за 2022 год со бр. 08-1951/1 од 20.12.2022 год. донесена од страна на Советот на општината на XXII седница одржана на 20.12.2022 година.

Приходи на општината

После наведените измени, буџетот на општина Радовиш за 2022 година изнесува 615.796.457 денари, како во приходен, така и во расходен дел. Планираните приходи вклучуваат: даночни приходи во износ од 90.175.000 денари, неданочни приходи во износ од 18.331.000 денари, капитални приходи 36.004.646 денари, дотации 359.333.836 денари, трансфери 77.131.087 денари, останати самофинансирачки активности 4.522.735 денари, донации 30.298.153 денари. Нивната вкупна реализација изнесува 486.221.985 денари или 78,96% (во 2021 год. 67,62%).



Вкупни планирани приходи, со корист. вишоци од претх. год. 615.796.457 ден.

Кај **даночните приходи**, од персонален данок од доход на платите се остварени 5.035.554 денари или 96.10% од планираниот износ (64,21% во 2021 год.).
Даноците на имот се остварени во вкупен износ од 35.523.335 денари или 103.72% од годишниот план (85.75% во 2021 год.), при што од данок на имот на физички лица е остварен приход од 14.102.461 ден., од данок на имот на правни лица 3.165.666 ден. , од данок на промет на недвижности 17.129.113 ден. итн.
Најголемо учество во остварените даночни приходи имаат приходите остварени од даноците на специфични услуги (комунални такси и надоместоци), кои се остварени во вкупен износ од 41.483.882 денари односно 88.67% од планираните за 2022 година (67.40% во 2021 год.). Овде најголемо учество имаат приходите остварени од комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување 24.042.891 денар, од надоместок за уредување на градежно земјиште се остварени 9.400.184 денари, од комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија се остварени 5.198.156 денари, како и 1.276.073 денари комунална такса за користење на улици со возила, која се плаќа при регистрација на возилата.
Неданочните приходи се остварени во вкупен износ од 9.243.531 денар, од кои во основниот буџет 3.408.741 денар и во буџетот на самофинансирачки активности 5.834.790 денари. Овде влегуваат административни и локални такси со износ од 1.198.217 денари, такси и надоместоци со износ од 5.782.018 денари, други неданочни приходи во износ од 2.263.296 денари.
Капиталните приходи се остварени во вкупен износ од 24.801.871 денар, при што од надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини е остварен приход од 11.422.947 денари, од приход од продажба на неизградено градежно земјиште 9.697.299 денари, од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти 3.096.693 денари итн.
Кај **трансфери и донации** од месечна дотација на општината од ДДВ се остварени 44.507.248 денари, од трансфери од други нивоа на власт и од буџетите на фондовите се остварени вкупно 3.928.639 денари итн.

Основниот буџет за 2022 година е остварен во вкупен износ од 179.011.730 денари, односно 85.74% во однос на годишниот план од 208.785.733 ден. (62,29% за 2021 год.) со вклучени искористените средства од претходни

години во износ од 16.084.671 денар или 90.38% доколку ги минусираме овие средства (64.83% за 2021 год.).

Приходите кај основниот буџет се остварени од следните извори:

ОСНОВЕН БУЏЕТ	2021	2022
Даночни приходи	60.522.615	86.280.560
Неданочни приходи	7.793.057	3.408.741
Капитални приходи	29.943.782	24.801.871
Трансфери и донации	66.377.297	48.435.887
Вкупни приходи	**164.636.751**	**162.927.059**
Искористен вишок на приходи од претх. год.	36.415.373	16.084.671
Севкупно приходи	**201.052.124**	**179.011.730**

Имајќи ги во предвид остварените тековни приходи 162.927.059 денари во 2022 година, како и пренесеното салдо од 23.516.838 ден. од сметка 63018 од претходната година, намалени за остварените расходи во тековната година 179.011.730 денари се добиваат неискористени средства во износ од 7.432.167 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

Буџетот на дотации сметка 93010 во 2022 година е остварен во вкупен износ од 284.269.436 денари односно 79.11% во однос на годишниот план од 359.333.836 ден. (74,93% за 2021 год.), со вклучени искористените средства од салдо од претходни години во износ од 11.343.687 денари, што значи тековни приходи се 272.925.749 ден. Овие средства зголемени за пренесените вишоци од претходната 2021 година во износ од 83.149.500 денари и намалени за остварените расходи од 284.269.436 денари во тековната 2022 година се добиваат непотрошени средства од 71.805.813 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

Буџетот на самофинансирачки активности кај единките буџетски корисници, сметка 787 во текот на 2022 година е остварен во вкупен износ од 5.834.790 денари односно 33.57% во однос на годишниот план од 17.378.735 ден. (28,38% за 2021 год.). Имајќи ги во предвид вкупно пренесените средства од претходната 2021 година, 4.555.171 денар и вкупно остварените расходи 4.945.648 денари во 2022 година, остануваат непотрошени 5.444.313 денари, кои ќе се пренесат во 2023 година како прилив на средства за трошење.

Буџетот на донации сметка 785 во текот на 2022 година има остварено средства во износ од 17.106.029 денари. Имајќи ги во предвид пренесените средства од претходната година во износ од 274.804 денари и вкупно остварените расходи 8.129.883 денари во 2022 година, остануваат непотрошени 9.250.950 денари, кои ќе се пренесат во 2023 година.

Во **вкупниот буџет** на општина Радовиш, според погоре наведеното, на 31.12.2022 год. остануваат непотрошени 93.933.243 денари, кои се пренесуваат во 2023 година и може да се искористат за покривање на дефицит на средства доколку се појави.

Расходи на општината

Во буџетот на Општина Радовиш за 2022 година се планирани расходи во износ од 615.796.457 денари и од нив се реализирани 476.356.697 денари или 77,36% (во 2021 год. 67,60%).



Вкупни планирани расходи 615.796.457 ден.

Остварените приходи во текот на 2022 година се трошени наменски, односно за реализирање на програмските активности содржани во триесетте програми, составен дел на Буџетот за 2022 година.

Во Билансот на расходите остварените расходи се прикажани по ставки и потставки, додека во Посебниот дел на завршната сметка остварените расходи се прикажани по програми, потпрограми, ставки и потставки.

Износ на реализирани програми во денари во Буџет на Општина Радовиш за 2022 и 2021 год.

Ред.бр.	Ознака	Програма	2021	2022
1	A0	Совет на општината	9.767.958	9.328.501
2	A1	Изборни активности и референдуми	160.900	4.700.000
3	D0	Градоначалник	1.499.429	1.533.188
4	E0	Општинска администрација	55.804.209	56.501.666
5	EA	Капитални трошоци на општината	1.128.109	3.253.867
6	F1	Урбанистичко планирање	41.187	271.778
7	G1	Поддршка на Локалниот економски развој	9.215.051	5.151.343
8	J3	Јавно осветлување	20.410.434	19.110.555
9	J4	Јавна чистота	3.115.415	5.413.007
10	J6	Одржување и заштита на локални патишта и улици	2.774.210	3.551.219
11	J7	Одржување и користење на паркови и зеленило	4.914.442	4.000.000
12	J8	Други комунални услуги		1.431.553
13	JA0	Изградба на јавно осветлување		499.990
14	JD0	Изградба и реконструкција на локални патишта и улици	80.816.040	51.722.616
15	JG0	Изградба на системи за водоснабдување		0
16	JI0	Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води		1.490.167
17	K1	Култура - Библиотекарство	3.646.979	4.330.120
18	K2	Култура - Музичко и сценско-уметничка дејност	3.666.633	4.082.407
19	K4	Културни манифестации и творештво	715.000	2.635.000
20	KA0	Културни манифестации и творештво (капитални трошоци)	67.074	62.705
21	L0	Спорт и рекреација	7.360.000	6.130.000
22	MV0	Регионален развој	-	5.491.553
23	N1	Основно образование	176.430.652	188.014.615
24	N2	Средно образование	44.403.143	48.718.790
25	NA0	Капитални расходи за основно образов.	-	0
26	NB0	Капитални расходи за средно образов.		0
27	V1	Детски градинки	39.193.047	42.333.764
28	VA0	Капитални расходи за детски градинки	395.973	734.320
29	W0	Противпожарна заштита	5.081.379	5.863.973
30	X1	Родова еднаквост		0
			470.607.264	**476.356.697**



Структура на реализирани расходи по програми во Буџет на Општина Радовиш 2022 год.

Во Програмите A0, A1, D0, E0, F1, G1, J3, J4, J6, J7, J8, K1, K2, K4, L0, N1, N2, V1 и W0 се реализирани средства за тековно - оперативни потреби на Советот на општината, Градоначалникот, општинската администрација и единките буџетски корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита и противпожарна заштита. Во програмите EA, JA, JD, KA, MV, VA и делумно кај програмите K1, K2, N1, N2 и V1 се извршени средства за капитални расходи на Општина Радовиш.

Во структурата на остварените расходи **платите и надоместоците** учествуваат со 256.908.264 денари (45.056.385 ден. од основен буџет и 211.851.879 ден. од буџет на дотации) односно со 53.93% од вкупно реализираните расходи во текот на 2022 година (52.48% за 2021 год.). Со овие средства се измирени платата и надоместоците на вработените во единките буџетски корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита, потоа на општинската администрација, градоначалникот и на противпожарната единица, надоместоците на советниците на општината.
За **стоки и услуги** се реализирани вкупно 117.609.110 денари или 24.69% од вкупно остварените расходи во текот на 2022 година (19.32% за 2021 год.). Овде влегуваат расходите за патни и дневни трошоци, комунални услуги, греење, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување на деловни објекти, возила, опрема и др.; договорни услуги (осигурителни, здравствени, ветеринарни, договори на дело, изработка на урбанистички

планови), други тековни расходи (членарини, репрезентација, огласи, услуги од катастар и др. оперативни трошоци), превозни услуги во образованието и др.
Со овој износ се покриени расходите за тековно оперативни потреби на општинската администрација, градоначалникот, противпожарната единица, советот на општината, единките буџетски корисници од областа на образованието, културата, социјалната заштита.
За **субвенции и трансфери** се потрошени вкупно 23.171.665 денари или 4.86% од вкупно остварените расходи во текот на 2022 година (4.73% за 2021 год.). Од нив 6.977.000 денари за трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови (преку потпрограми Г1, К4 и Л0) како и 15.694.665 денари за разни трансфери (плаќање по судски решенија, трансфери при пензионирање, трансфери до ОИК за спроведување на локални избори 2021 год., трансфери до ЈПССО " Радовиш 2014", други трансфери согласно донесени Одлуки од Совет на општината), како и 500.000 денари одобрени како субвенции за јавни претпријатија (ЈПССО "25 Мај").
За социјална помош во текот на 2022 година се потрошени вкупно 495.111 денари.
За **капитални расходи** во 2022 година се реализирани вкупно 74.211.661 денар или 15.58% од вкупните расходи (22.34% за 2021 год.) и тоа за следните капитални потреби:

- купување на информатичка и видео опрема, опрема за греење и климатизација 7.808.025 денари, од кои 6.619.745 ден. се од средства добиени од блок дотации за потребите на единките буџетски корисници;
- други градежни објекти 57.819.299 денари, од кои 48.670.818 денари се реализирани од основниот буџет, согласно програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на локални патишта во општина Радовиш, а 9.148.481 денар од буџетот на дотации за потребите на единките буџетски корисници;
- купување на мебел 701.796 ден. реализирани од буџетот на дотации и на самофинансирачки активности ;
- вложувања и нефинансиски средства во износ од 7.528.541 ден. за надомест за одземен имот, експропријација, уплата на основачки влог за АД за производство на електрична енергија и др.

За **отплата на главница** во 2022 година се реализирани вкупно 3.958.498 ден. во однос на долгорочниот кредит за кој општина Радовиш има Договор за заем со Министерството за финансии во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општински услуги финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка,

1.4. Образложение кон Финансиските извештаи - составен дел на

Годишната / завршна сметка на Буџетот на Општина Радовиш 2022 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Во рамките на Билансот на приходи и расходи, приходите се систематизирани како:

- Даночни приходи;
- Неданочни приходи;
- Капитални приходи;
- Трансфери и донации;
- Домашно задолжување;
- Задолжување во странство;
- Продажба на хартии од вредност;
- Приходи од отплата на заеми;

Признавањето на приходите и другите приливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.

Расходите се систематизирани како:

- Тековни расходи,
- Капитални расходи,
- Отплата на главнина.

Признавањето на расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.

Даночни приходи

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Данок на имот,
- Данок на наследство и подарок,
- Данок на промет на недвижности,
- Комунални даноци

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
Данок од доход,од добивка и од Капитални добивки	5.240.000	5.035.554	3.949.086
Даноци на имот	34.250.000	35.523.335	25.766.936
Даноци на специфични услуги	46.785.000	41.483.882	30.020.383
Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	3.900.000	4.237.789	786.210

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси,) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и камата за ненавремено плаќање данок на имот;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунални такси и надоместоци;

Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Претприемачки приход и други приходи од имот;
- Други владини услуги, и
- Други неданочни приходи

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
- Предприемачки приходи и други приходи од имот.....	0	0	0
-Глоби судски и административни такси..	1.475.000	1.198.217	1.071.587
-Такси и надоместоци.....	0	0	0
-Други владини услуги.....	0	0	0
- Други неданочни приходи.....	4.000.000	2.210.524	6.721.470

Општината остварува неданочни приходи по основ на:

- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
- Административни такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти и закупнина на опрема;
- Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови, приходи од издавање на тендерска документација за учество на јавна набавка и
- Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги и останати неданочни приходи.

Капитални приходи

Капиталните приходи се остварени по основ на приходи од продажба на земјиште и приход од концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 24.801.871 денари (2021год. – 29.943.782 денари).

Трансфери и донации

Трансферите и донациите се остварени по основ на трансфери од други нивоа на власт во износ од 71.952.725 денари (2021 год. – 126.309.508 денари).

Тековни расходи

Плати, наемнини и надоместоци

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Радовиш, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во Р.М., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Надоместок за годишен одмор;
- Придонеси од плати и персонален данок

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
- Основни плати	30.205.500	28.780.273	27.630.385
- Придонеси од плати	12.063.527	11.128.540	10.713.371
- Надоместоци	5.440.000	5.147.572	5.312.065

Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се остварени/извршени во Буџетот на општина Радовиш , согласно одредбите од Законот за буџетите/Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на Тековни резерви. За оваа намена во 2022 година извршени се 0.00 денари (во 2021 година -571.530 денари).

Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Радовиш , и тоа по следните основи:

- патни и дневни трошоци, кои опфаќаат: патни трошоци, сместување и споредните трошоци за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- трошоци за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- трошоци за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: трошоци за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и

работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: трошоци за сервисирање на леки коли и други возила, трошоци за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат трошок за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: трошоци за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, и други договорни услуги;
- други оперативни трошоци, кои опфаќаат: репрезентација, трошоци за одликувања, членарини во домашни организации ,трошоци за меѓународни спортски натпревари и други оперативни расходи.

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
Патни и дневни трошоци.....	327.000	214.876	75.063
Комунални услуги , трошоци за затоплување , комуникација и транспорт.....	19.299.118	18.098.917	13.276.090
Материјали.....	2.145.393	1.428.336	2.560.378
Тековно одржување.....	32.454.800	19.255.808	22.443.357
Договорни услуги.....	9.780.134	6.601.924	3.301.584
Други тековни расходи.....	3.380.947	2.749.190	2.228.873
Привремени вработувања	3.700.000	3.370.672	4.963.159

Каматни плаќања

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој -Светска банка од кои произлегува полугодишно плаќање на каматата

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
-Каматни плаќања кон домашни кредитори.....	15.000	2.388	10.622

Субвенции и трансфери

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во Буџетот на Општина Радовиш , по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат трансферите до невладините организации како што се: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови и до други непрофитни организации;

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
Субвенции за јавни претпријатија.....	500.000	500.000	350.000
Трансфери до невладини организации.....	7.350.000	6.977.000	8.636.200
Разни трансфери	14.063.083	13.096.304	12.303.062

Капитални расходи

Купување на капитални средства

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се остварени/извршени средства од Буџетот на општина Радовиш , и тоа по следните основи:

- мебел и канцелариска опрема што опфаќа средства за: купување на канцелариското мебел и информатичка опрема;
- купување на моторни возила што опфаќа средства за купување на патничко возило;
- припрема на проекти што опфаќа средства за: финансирање на трошоците за изработка на студии и елаборати, мапи, техничка документација и дизајнирање договарања, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања;

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
Купување на опрема. и купување на машини	1.150.000	925.460	1.103.329
Други градежни објекти	53.671.231	48.670.818	78.148.124
Купување на мебел	0	0	0
Вложување и нефинансиски средства	7.690.000	7.256.043	2.728.434
Купување на возила	0	0	0

Отплата на главнина

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка од кој произлегува полугодишна обврска за отплата на главнина

Во денари

Опис	Буџет 2022	Извршено 2022	Извршено 2021
-Отплата на главнина до други нивоа на власт	4.000.000	3.958.498	3.958.498

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

Парични средства

Паричните средства се проценети според номинален износ и ги опфаќаат паричните средства што се на Сметката со состојба на 31.12.2022 година и изнесуваат 7.432.167 денари (2021год. 23.516.838 денари).

Опис	31 декември 2022	Во денари 31 декември 2021
Сметка	7.432.167	23.516.838
Благајна	/	/
Девизна сметка	/	/

Краткорочни финансиски побарувања

Краткорочните финансиски побарувања со 31.12. 2022 год. изнесуваат 78.939.150 денари (во 2021 год. 80.418.162 денари). Во овој износ влегуваат побарувања по основ на данок на имот, комунална такса за истакнување на фирмарина во износ од 71.677.423 ден., побарувања по основ на данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во износ од 2.122.117 ден., по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација) 492.140 денари, по основ на надомест за управување со отпад, одржување на јавна чистота, користење на простор за паркирање на моторни возила, комунални дејности 1.030.059 денари, побарување кон Општина Конче за учество во финансирање на ТППЕ во износ од 1.284.000 денари, спорни побарувања 518.158 денари, останати побарувања по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, побарувања кон министерствата заеднички трошоци итн. во износ од 1.815.253 денари.

Пасивни временски разграничувања

Пасивните временски разграничувања се состојат од:

	31 декември 2022	Во денари 31 декември Опис 2021
Дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година	7.432.167	23.516.838
Други пасивни временски разграничувања	78.939.150	80.418.162

1.5. Извештај за средства, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност.

Општина Радовиш во својот Биланс на состојба го има искажано целокупниот имот на Општината и побарувањата и обврśките кои ги има спрема добавувачите.

Во материјалните средства влегуваат:
Инвестициите на градежни објекти во вкупен износ од 796.350.701 ден.
Станови и деловни објекти во вкупен износ од 231.585.228 ден.
Опрема во вкупен износ од 8.804.798 ден.
Материјалните средства во подготовка, односно инвестиции во тек во износ од 101.461.362 ден.

Тековните обврски што ги има Општината спрема добавувачите по разни основи изнесуваат 9.146.384 ден.
Краткорочните обврски кои се прикажани во Билансот на состојбата се обврските за неисплатена плата за 12/2022 год. во бруто износ од 3.344.016 ден.

Во вонбилансната пасива оваа година имотот кој го имаше Општината евидентирано претходната година како Градежен објект-Управна зграда во која е сместена Локалната самоуправа во износ од 11.113.072 денари е пренесен на позицијата Станови и деловни објекти со Имотен лист број 900345 издаден од Агенцијата за катастар на недвижност од 26.12.2022 год.и е запишан како имот на општината.

1.6. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности

Во 2022 год. како започнати а незавршени објекти, односно како инвестиции во тек, согласно донесените програми за инвестиции, се води вкупен износ од 101.461.362 денари. Во овој износ влегуваат:

1. Улица во с.Ињево во износ од 356.212 денари
2. Локални патишта во износ од 2.588.918 денари
3. Тротоари на Кеј 8 Ми Септември во износ од 4.091.201 денари
4. Фекална канализација с.Ињево-с.Покрајчево во изнод од 2.660.710 денари
5. Пристапна улица во с.Покрајчево во износ од 1.447.619 денари
6. Улица во с.Калугерица во износ од 7.161.486 денари
7. Атмосверска канализација во УБ-13 во износ од 2.919.564 денари
8. Ул.бр.4,12,16,2 и 17 во с.Ораовица во износ од 188.446 денари
9. Водоводна мрежа на ул.16,2,17 с.Ораовица во износ од 1.032.222 денари
10. Фекална канализција УБ-9 во износ од 1.724.691 денари
11. Атмосверска канализација ул.10 Крак 2 с.Ињево во износ од 8.035.836 денари
12. Улици во с.Јаргулица во износ од 7.107.759 денари
13. Уредување на јавни површини во градот во износ од 5.109.078 денари

14. Улица Видео Смилевски Бато-комунална инфраструктура во износ од 2.649.260 денари
15. Уредување на јавни површини низ населени места во износ од 890.887 денари
16. Игралишта во с.Ораовица и с.Јаргулица во износ од 1.034.281 денари
17. Пробивање на улица –Раклиш во износ од 574.969 денари
18. Улици –Радовиш во износ од 33.138.761 денари
19. Водоводна линија кај Маком Маја во износ од 2.483.726 денари
20. Асфалтирање на нови улици во Радовиш во износ од 1.294.337 денари
21. Фекална канализација во УБ-9 во колектор во износ од 295.888 денари
22. Водоводна и канализациона мрежа на ул.Ана Поцкова во износ од 784.494 денари
23. Водоводна линија с.Ињево во износ од 501.136 денари
24. Тротоари с.Ораовица во износ од 4.832.555 денари
25. Улица во Раклиш во износ од 422.169 денари
26. Повеќенаменски игралишта во износ од 6.138.460 денари
27. Фекална канализација с.Раклиш во износ од 1.332.955 денари.

Во текот на 2022 година беа добиени дотации во вкупен износ 276.186.337 ден., вратени од нив во републички буџет износ од 3.260.588 ден. а реализирани се 284.269.436 ден. Доколку ги земеме во предвид и пренесените вишоци од претходни години, кои не се враќаат во републички буџет, во износ од 83.149.500 ден., остануваат непотрошени средства од 71.805.813 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

1.7. Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви.

Од средствата планирани како Тековни резерви во 2022 год. година воопшто нема вршено исплатаво текот на годината.

Број 08-459/2
Дата 28.02.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · СОВЕТ НА ОПШТИНАТА · ОПШТИНА РАДОВИШ

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Општински Буџетски Календар на
Општина Радовиш за 2023 година

Го прогласувам и објавувам Општински Буџетски Календар на Општина Радовиш за 2023 година, бр.08-460/1

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на
28.02.2023 година.

Број 09-460/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Сл. весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и согласно Известување со арх. бр. 08-1/2-1 од 31.01.2023 год. (наш дел. бр. 05-270/1 од 06.02.2023 год.) од Министерство за финансии, Сектор за финансирање и буџет

Советот на XXVI седница одржана на 28.02.2023 година донесува

ОПШТИНСКИ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2023 ГОДИНА

Датум	Буџетски активности	Одговорност
Декември/Јануари	Советот на Општината го донесува буџетскиот календар	Општинска администрација/Совет на општината
Јануари	Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста	Општинска администрација
Август/Септември	Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период, и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година	Градоначалник/ Општинска администрација Совет/Општинска администрација
Септември/Октомври	Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината Градоначалникот доставува општински буџетски циркулар со главни насоки до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиски планови и до одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт развојните и нацрт годишните програми.	Градоначалник Општинска администрација Градоначалник Општинска администрација
Октомври	Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби, буџетски трошења во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори	Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација/ Сектор за финансиски прашања

	Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог финансиските планови и предлог програмите за наредната година со образложение за висината на износите по позиции	Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација
Октомври	Одделот за буџет врши вклопување и анализирање на доставените предлог програми и се одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог буџет	Сектор за финансиски прашања / Градоначалник
Најдоцна до 20 октомври	Предлог план на програми за развој и Годишни програми усогласени со насоките од Циркуларот се доставуваат на одобрување до Советот на општината	Градоначалник
Најдоцна до 15 ноември	Се финализираат, разгледуваат и одобруваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година	Совет на општина
Крај на ноември	Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. Споделување на предлог буџетот, годишните и развојните програми со јавноста, организирање на информативна сесија. Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста истата се имплементира пред доставување на предлог буџетот до Советот.	Градоначалник
Декември	До Советот се доставува конечен Предлог буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение Се води расправа во телата на Советот на Општината.	Градоначалник Совет на општина
Крај на декември	-Донесување на Буџетот за наредната буџетска година. -Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината -Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници	Совет на општина

Со донесување на овој Општински буџетски календар престанува да важи донесениот Општински буџетски календар со бр.08-2012/1 од 28.12.2022 година

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои :

- Градоначалникот на општината до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, како и насоките за подготовка на Планот на програми за развој и други програми од страна на надлежни служби во општината.
- Општинските буџетски корисници и одделенија/ сектори во Општината ги доставуваат своите финансиски планови и програми до Градоначалникот.
- Градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на општината за донесување.
- Советот на општината го донесува Буџетот за наредната година најкасно до 31.12 во тековната година.

Број 08-460/1
Дата 28.02.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на корегиран образец К2 за достасани ненамирени обврски кој е дел од Квартален извештај за ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ за извршување на буџетот на општина Радовиш од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на корегиран образец К2 за достасани ненамирени обврски кој е дел од Квартален извештај за ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ за извршување на буџетот на општина Радовиш од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, бр.08-461/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-461/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(Сл.весник на РМ бр.61/04.....244/19), а во врска со член 21 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на 28.02.2023 донесе :

О Д Л У К А
за усвојување на корегиран образец К2 за достасани ненамирени обврски кој е дел од Квартален извештај за ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ за извршување на буџетот на општина Радовиш од 01.01.2022 година до 31.12.2022 г.

I. Се усвојува корегиран образец К2 за достасани ненамирени обврски кој е дел од Квартален извештај за ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ за извршување на буџетот на општина Радовиш од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, дел.бр.05-138/1 од 23.01.2023 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-461/1 Совет на општина Радовиш
Дата 28.02.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за проширување на средствата на
Буџетот на Општина Радовиш
за 2023 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Радовиш за 2023 година, бр.08-462/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2023 година.

Број 09-462/2 Градоначалник
Дата 06.03.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Сл. весник на РМ" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Сл. весник на РСМ" бр. 151/21) и член 21 и 43 од Статутот на Општина Радовиш ("Службен гласник на Општина Радовиш" бр. 5/2005 година)
Советот на Општина Радовиш на XXVI седница одржана на 28.02.2023 година донесе

О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РАДОВИШ**
За **2023** година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина РАДОВИШ за 2023 година, на следниот начин :

Потпрограма Потставка		САМОФИНАН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потставки :					
А00	**СОВЕТ НА ОПШТИНА**				
741114	Пренесен вишок на Приходи од претходната година	5.275.087	71.766.429	19.343	0
744111	Донации од приватни компании	0	0	800.000	0
744211	Донации од физички лица	0	0	300.000	0
		5.275.087	**71.766.429**	**1.119.343**	**0**
и се распределуваат на следните расходни потставки :					
К10	**БИБЛИОТЕКАРСТВО**				
420120	Патување во земјата - патни расходи	0	25.000	0	0
420220	Патување во странство - патни расходи	20.000	30.000	0	0
420230	Патување во странство - сместување	0	50.000	0	0
421110	Електрична енергија	100.824	101.397	0	0
421120	Водовод и канализација	0	15.000	0	0
421310	Пошта	0	10.000	0	0
421320	Телефон и телефакс	0	17.000	0	0
421390	Други трошоци за комуникација	10.000	0	0	0
421410	Горива и масла (моторни возила)	0	30.000	0	0
421440	Транспорт на луѓе	0	20.000	0	0
423110	Канцелариски материјали	0	10.000	19.343	0
423120	Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	0	15.000	0	0
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	0	20.000	0	0
423710	Средства за одржување на хигиена	0	15.000	0	0
423810	Ситен инвентар	0	10.000	0	0
423820	Амбалажа	0	10.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	10.000	0	0
424390	Одржување на други градби	30.000	0	0	0
424410	Поправки и одржување на мебел	0	5.000	0	0
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	0	20.000	0	0
424440	Поправки и одржување на друга опрема	0	15.000	0	0
424510	Одржување на зелени површини околу згради	30.000	30.000	0	0
425250	Осигурување на недвижности и права	0	6.000	0	0
425970	Консултантски услуги	0	25.000	0	0
426120	Членарини во домашни организации	0	2.000	0	0
426310	Семинари и конференции	0	4.000	0	0
464990	Други трансфери	0	20.000	0	0
480140	Купување на информатичка и видео опрема	0	20.000	0	0
480160	Купување на опрема за греење и климатизација	0	600.000	0	0
485710	Книги за библиотеки и учебници	0	140.000	0	0
К20	**МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**				
420210	Патување во странство - хранарина (дневница)	0	20.000	0	0
421410	Горива и масла (моторни возила)	0	30.000	0	0
425990	Други договорни услуги	0	16.970	0	0
426210	Расходи за репрезентација	0	10.000	0	0

КА0	**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)**				
480140	Купување на информатичка и видео опрема	0	0	300.000	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	0	800.000	0
485710	Книги за библиотеки и учебници	10.000	0	0	0
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
401130	Основни плати - други вработени	0	3.538.112	0	0
401310	Персонален данок на доход од плата	0	235.715	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	742.349	0	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	336.182	0	0
402220	Основен придонес за професионално заболување	0	24.717	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработување	0	57.424	0	0
421110	Електрична енергија	0	340.000	0	0
421120	Водовод и канализација	0	20.000	0	0
421220	Дрва	0	100.000	0	0
421240	Течни горива	0	800.000	0	0
421290	Други материјали за греење	0	400.000	0	0
421320	Телефон и телефакс	0	15.000	0	0
421410	Горива и масла (моторни возила)	0	5.000	0	0
421440	Транспорт на луѓе	0	800.000	0	0
423110	Канцелариски материјали	0	50.000	0	0
423310	Униформи	0	15.000	0	0
423720	Материјали за разни поправки	0	10.000	0	0
423910	Други материјали за специјална намена	0	30.000	0	0
423990	Други материјали	0	20.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	1.100.000	0	0
424220	Услуги за обезбедување на објекти	0	15.000	0	0
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	0	20.000	0	0
424440	Поправки и одржување на друга опрема	0	10.000	0	0
424510	Одржување на зелени површини околу згради	0	930.000	0	0
425490	Други здравствени услуги	0	60.000	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	100.000	0	0
425990	Други договорни услуги	0	120.000	0	0
426310	Семинари и конференции	0	30.000	0	0
426410	Објавување на огласи	0	10.000	0	0
426990	Други оперативни расходи	0	5.000	0	0
464940	Трансфери при пензионирање	0	75.000	0	0
480140	Купување на информатичка и видео опрема	0	110.000	0	0
482910	Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти	0	3.769.832	0	0
482920	Изградба на други објекти	0	5.777.362	0	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	18.145.555	0	0
483120	Купување на училишен мебел	0	100.000	0	0
485710	Книги за библиотеки и учебници	0	29.604	0	0
N20	**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
401130	Основни плати - други вработени	0	750.000	0	0
401310	Персонален данок на доход од плата	0	60.000	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	200.000	0	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	90.000	0	0
402220	Основен придонес за професионално заболување	0	6.000	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработување	0	14.000	0	0
420120	Патување во земјата - патни расходи	50.000	10.000	0	0
420220	Патување во странство - патни расходи	50.000	0	0	0
421110	Електрична енергија	100.000	0	0	0
421120	Водовод и канализација	63.105	0	0	0
421190	Други комунални такси и услуги	10.000	0	0	0
421240	Течни горива	63.277	500.000	0	0
421310	Пошта	20.000	0	0	0
421320	Телефон и телефакс	50.000	0	0	0
421390	Други трошоци за комуникација	20.000	0	0	0
421440	Транспорт на луѓе	30.000	100.000	0	0
423110	Канцелариски материјали	40.000	0	0	0
423120	Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените	10.000	0	0	0
423310	Униформи	10.000	0	0	0
423410	Прехранбени продукти и пијалаци	50.000	0	0	0
423610	Наставно-образовни помагала	50.000	0	0	0

423620	Училишни материјали	50.000	0	0	0
423710	Средства за одржување на хигиена	50.000	0	0	0
423720	Материјали за разни поправки	50.000	30.000	0	0
423810	Ситен инвентар	50.000	30.000	0	0
424210	Одржување на згради	20.000	500.000	0	0
424220	Услуги за обезбедување на објекти	0	50.000	0	0
424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	50.000	10.000	0	0
424410	Поправки и одржување на мебел	20.000	30.000	0	0
424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема	20.000	20.000	0	0
424430	Поправки и одржување на машини	20.000	20.000	0	0
424440	Поправки и одржување на друга опрема	0	10.000	0	0
424510	Одржување на зелени површини околу згради	0	11.061	0	0
425240	Осигурување за повреда и инвалидитет	60.000	0	0	0
425250	Осигурување на недвижности и права	50.000	0	0	0
425290	Други финансиски услуги	20.000	0	0	0
425360	Плаќање на судски такси	20.000	0	0	0
425420	Примарна здравствена заштита	20.000	0	0	0
425490	Други здравствевни услуги	20.000	0	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	100.000	1.200.000	0	0
425790	Други образовни услуги	50.000	0	0	0
425920	Услуги за копирање, печатење и издавање	0	20.000	0	0
425970	Консултантски услуги	20.000	0	0	0
425980	Надзор над одржување на изградбата	20.000	0	0	0
425990	Други договорни услуги	350.000	50.000	0	0
426120	Членарини во домашни организации	80.000	10.000	0	0
426210	Расходи за репрезентација	70.000	0	0	0
426310	Семинари и конференции	80.000	0	0	0
426410	Објавување на огласи	50.000	0	0	0
426990	Други оперативни расходи	50.000	10.000	0	0
464910	Плаќање по судски решенија	10.000	0	0	0
464940	Трансфери при пензионирање	50.000	120.000	0	0
464990	Други трансфери	10.000	24.000	0	0
482820	Изградба на капацитети во енергетиката	0	17.809.000	0	0
482910	Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти	0	20.000	0	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	1.000.000	0	0
NB0	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
480140	Купување на информатичка и видео опрема	200.000	0	0	0
481210	Подготвување проекти на деловни објекти	100.000	0	0	0
481230	Реконструкција на деловни објекти	100.000	0	0	0
483110	Купување на канцелариски мебел	25.000	0	0	0
483120	Купување на училишен мебел	25.000	0	0	0
V10	**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**				
420120	Патување во земјата - патни расходи	10.000	0	0	0
420130	Патување во земјата - сместување	10.000	0	0	0
420210	Патување во странство - хранарина (дневница)	10.000	0	0	0
420220	Патување во странство - патни расходи	25.000	0	0	0
420230	Патување во странство - сместување	25.000	0	0	0
421110	Електрична енергија	200.000	200.000	0	0
421310	Пошта	0	10.000	0	0
